**Република Македонија**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став (2) точка 2) од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 и 36/16), Државната изборна комисија на седницата одржана на 30.10. 2016 година го донесе следното

# У П А Т С Т В О

## за спроведување на Јавен увид во посебните изводи од Избирачкиот список и пријавување за гласање во Дипломатско – конзуларните претставништва и конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство

### Член 1

Јавниот увид во посебните изводи од Избирачкиот список започнува на 28.10.2016 година и трае до 11.11.2016 година.

### Член 2

Јавниот увид во посебните изводи од Избирачкиот список се спроведува во просториите на дипломатско – конзуларните претставништва и конзуларни канцеларии на Република Македонија во странство во време од 08,30 до 19,00 часот, вклучувајќи ги и деновите од викенд и празници, додека последните два дена (10 –ти и 11-ти Ноември 2016 година) увидот ќе трае до 24:00 часот.

### Член 3

Јавниот увид се спроведува на посебните изводи од Избирачкиот список во електронска форма – на ЦД, во кои се содржани податоците за граѓаните кои согласно евиденцијата на надлежен орган се наоѓаат на привремена работа или престој во државата во која се наоѓа ДКП, односно конзуларната канцеларија и државите кои согласно Изборниот законик ги покрива соодветното ДКП, односно конзуларна канцеларија, со состојба на податоците на граѓаните и тоа:

- Граѓани со наполнети 18 години живот со важечка лична карта или важечки пасош на денот на гласањето (11 Декември 2016 година),
- Умрени лица 30 дена пред распишувањето на изборите (18 Септември 2016 година) и
- Другите податоци од Избирачкиот список на денот на распишувањето на изборите (18 Октомври 2016 година).

### Член 4

Увид во посебниот извод од Избирачкиот список може да побара лично секој државјанин на Република Македонија со приложување на увид важечка лична карта или важечки пасош.

По приложувањето на важечката лична карта или важечкиот пасош, овластеното лице во ДКП, односно конзуларна канцеларија проверува дали лицето се наоѓа во посебниот извод од Избирачкиот список.

**Член 5**

Доколку при спроведениот увид во посебниот извод од Избирачкиот список, се констатира дека **лицето се наоѓа во истиот,** а сака да се пријави за гласање во странство, потребно е своерачно да пополни и потпише пријава за гласање (образец 30).

Кон пријавата за гласање, овие лица нема потреба да проложуваат никакви докази.

**Член 6**

Доколку при спроведениот увид во посебниот извод од Избирачкиот список, се констатира дека **лицето не се наоѓа во истиот,** а сака да се пријави за гласање во странство, потребно е своерачно да пополни и потпише барање / пријава за гласање (образец 29).

Кон барањето / пријавата за гласање, потребно е да приложи доказ дека на денот на изборите привремено престојува во странство повеќе од три месеци или е на привремена работа или престој во странство повеќе од една година.

**Член 7**

Пријавите од член 5 и барањата / пријавите од членот 6 на ова Упатство, овластеното лице во Дипломатско – конзуларното претставништво и конзуларната канцеларија на Република Македонија ги заверува во моментот на приемот со задолжително заведување на датумот и часот на прием и веднаш, сукцесивно по електронска пошта, истите ги доставува до Министерството за надворешни работи.

Министерството за надворешни работи примените пријави од член 5 и барањата / пријавите од членот 6 на ова Упатство веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од приемот ги доставува до Државната изборна комисија.

**Член 8**

Со донесувањето на ова Упатство престанува да важи Упатството за постапката за вршење јавен увид во посебниот извод од Избирачкиот список за гласање во ДКП бр. 08-1240/1 од 25.04.2016 година.

**НАПОМЕНА:**
**Обрасците бр. 29 и 30 од член 5 и 6 на ова Упатство можат да се најдат на веб страната на Државната изборна комисија**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Александар Чичаковски

Бр. 08-2803/1

30.10. 2016 година